РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08- 2751/1
04 -08- 2021

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/19), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и Упатство за рангирање на предметите за постапување на ДКСК по основ на доставени пријави бр.03-2233/1 од 12.02.2021 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст:ДКСК) на педесеттата седница одржана на ден 21.07.2021 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на -----------------, Министер без ресор во Владата на република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-4159/1 од 04.09.2019 година.

Предметот со број 08-4159/1 од 04.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-4159/1 од 04.09.2019 година е оформен врз основа на Годишен план за следење на имотната состојба и интереси за 2019 година.

ДКСК, од именуваната побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на именуаната беа доставени бараните податоци.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ------------- и членовите на нејзининото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од наведените институции, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**